# ‚Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ќе речеше: ‚Семиаллаху-лимен хамидех,‘ никој од нас не го наведнуваше грбот сè додека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, најпрво не паднеше на сеџда, па потоа и ние одевме на сеџда по него.'“

Абдулах бин Језид ел-Хатми вели: „Ми раскажа ел-Бера, а тој никогаш не зборуваше лага: ‚Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ќе речеше: ‚Семиаллаху-лимен хамидех,‘ никој од нас не го наведнуваше грбот сè додека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, најпрво не паднеше на сеџда, па потоа и ние одевме на сеџда по него.'“
[صحيح] [متفق عليه]

Ел-Бера бин Азиб, Аллах нека е задоволен со него, кој беше вистинољубив, раскажува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, кога ќе ја кренел главата од руку и ќе речел: „Семиаллаху-лимен хамидех,“ сите што биле зад него стоеле исправени, и никој не се наведнувал за сеџда сè додека тој, салаллаху алејхи ве селем, најнапред не го ставел своето чело на земја. Потоа и тие паѓале на сеџда по него.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6097

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee